НОВО

**Република Македонија**

**Министерство за земјоделство,**
**шумарство и водостопанство**
**Бр______________**
**25. 02. 2010 година**
**Скопје**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО**

ДО ГЕНЕРАЛНИОТ СЕКРЕТАР

НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

***Име на материјалот:*** *Предлог на Закон за изменување и дополнување на Законот за рибарство и аквакултура*

ЕПП бр**.** 2009.0800.5242

Усогласеност со Годишната програма на Владата: **Да**

**Усогласеност со член 68 од Деловникот за работа на Владата:**
ДА ДЕЛУМНО НЕ

**Предлог на која седница на Влада да се разгледа материјалот:** На прва наредна седница

**Карактер на материјалот:**

- слободен пристап

**Итност на материјалот:** Материјалот е од итен карактер со оглед дека предложените изменувања и дополнувања се поврзани со активности утврдени во НПАА 2010 година

**Прилог:**

- Образец за проценка на фискалните импликации
- Добиени мислења
- РИА образец
- Кореспондентни табели
- Изјава за усогласеност

**Дата на доставување на материјалот:.**
25.02.2010 година

**ПОТПИС:**
**Љупчо Димовски**

**1.*Осврт по материјалот:***

Предлогот на Закон за изменување и дополнување на Законот за рибарство и аквакултура содржи измени на одредбите во врска со дефинирање на мерки и користење на државната помош, поедноставување на постапката за регистрација на субјекти - одгледувачи на риби, допрецизирање на организирањето на рекреативен и спортски риболов, намалување на предвидените казни, како и заради номотехничко подобрување на текстот.

***2. Разгледани можни решенија ( за-против аргументи):***

Донесување на Законот за изменување и дополнување на Законот за рибарство и аквакултура или донесување на нов закон со предложените одредби од измената. Се предлага донесување на Законот за изменување и дополнување заради тоа што многу малку од измените и дополнувањат суштински го менуваат текстот на законот.

***3. Резултат од извршените консултации со ресорните министерства, други органи на државната управа и организации:***

Добиени мислења од Министерство за финансии со допис бр. 08-1136/3 од 11.02.2010 година, Министерство за животна средина и просторно планирање со допис бр. 08-1973/1 од 08.02.2010 година, Министерство за правда со допис бр. 08-1136 од 15.02.2010 година, Секретаријат за законодавство со допис бр. 08-1136/4 од 12.02.2010 година и Секретаријат за европски прашања со допис бр. 02-1136/2 од 10.02.2010 година.

Во предложениот текст на закон се вградени забелешките од Министерството за правда, Секретаријатот за европски прашања, Секретаријатот за законодавство и дел од забелешките на Министерството за финансии и Министерството за животна средина и просторно планирање. Забелешката на Министерството за финансии по однос на забраната за исплаќање на хонорари за комисиите формирани во рамки на министерствата не е прифатена од причина што надоместот се однесува за исплата на средства за работата на надворешните членови на советот. Забелешката од Министерството за животна средина и просторно планирање по однос на член 52 став 3 и 4 не е прифатена, бидејќи се работи за издавање на дозволи, а не за материја која ги уредува заштитените подрачја кои се опфатени со член 9 на постоечкиот Закон

***4. Дали материјалот содржи елементи на државна помош и дали е донесена одлука на Комисијата за заштита на конкуренцијата за компатибилноста на државната помош:***

***ДА*** ***[НЕ]***

***5.Изјава за усогласеност на прописот со законодавството на Европската Унија:***

***[ДА]*** ***НЕ***

***6.Усогласеност со преземените обврски од ратификуваните меѓународни договори):***

Нема.

***7. Решение кое се препорачува (со образложение):***

Донесување на Закон за изменување и дополнување на Законот за рибарство и аквакултура заради имплементирање на одредби за дефинирање на мерки и користење на државната помош, поедноставување на постапката за регистрација на субјекти - одгледувачи на риби, допрецизирање на организирањето на рекреативен и спортски риболов, намалување на предвидените казни, како и заради номотехничко подобрување на текстот.

***8. Фискални импликации на материјалите што се предлагаат:***

Нема

***9. Очекувани влијанија:***

Со донесување на Законот за изменување и дополнување на Законот за рибарство и аквакултура ќе се дефинирање и овозможи користење на државната помош на начин и критериуми усогласени со прописите на ЕУ, субјектите - одгледувачи на риби со поедноставување на постапката за регистрација ќе можат непречено да вршат аквакултура, ќе се допрецизира организирањето на рекреативниот и спортскиот риболов особено во делот на издавањето на дозволите за рекреативен риболов и ќе се воведат мандатни казни во делот на казнените одредби.

***11. Оцена на Секретаријатот за законодавство по материјалот:***

***ДА*** ***НЕ***

***12. Клучни елементи за информирање на јавноста:***

Изменувањето и дополнувањето на постоечкиот Закон за рибарство и аквакултура ќе овозможат дефинираат мерките за помош во рибарството и аквакултура како и начинот, постапката и критериуми за користење и воедно ќе овозможат субјектите - одгледувачи на риби непречено да ја вршат оваа дејност со поедноставување на постапката за регистрација, односно со нивно евидентирање и запишување во регистар на одгледувачи без поседување дозвола за аквакултура. Исто така ќе се допрецизира организирањето на рекреативниот и спортскиот риболов особено во делот на издавањето на дозволите за рекреативен риболов и ќе се воведат мандатни казни во делот на казнените одредби.

.

**Република Македонија**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО**

***М Е М О Р А Н Д У М***

**НАСЛОВ**: Предлог на Закон за изменување и дополнување на Законот за рибарство и аквакултура

**ПОТПИС:** ________________________________

Љупчо Димовски

**Скопје, ____________ 2010**